*Изградувајќи се секојдневно низ долгогодишната работа во армијата, одлучноста, посветеноста, мотивираноста, точноста, исполнителноста, како и други специфични особини, стануваат филозофија на работа и живеење, која воениот персонал ја задржува за целиот свој живот.*

Програмата за подготовка на воениот персонал за враќање во цивилниот живот – ЛЕПЕЗА е поддржана од Кралството Норвешка и Кралството Данска

## КАКО И КАДЕ ДА СЕ ОБРАТИТЕ ЗА ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ?

Се уверивте во квалитетите на воените лица! Сакате да вработите поранешно воено лице! За детали поврзани со Програмата „ЛЕПЕЗА„ и контакт за вработување на поранешно воено лице можете да се обратите до најблискиот Центар за транзиција телефонски, преку пошта или да ги посетите просториите на Центарот, каде непосредно ќе бидете информирани.
Информациите за програмата можете да ги добиете и на Web страницата на Министерството за одбрана (www.morm.gov.mk/lepeza), а контакт да воспоставите преку E-mail адресата lepeza@morm.gov.mk.

**ЦЕНТАР ЗА ТРАНЗИЦИЈА СКОПЈЕ**
Адреса: Касарна „Гоце Делчев„ -Скопје
Телефони: 02/328 - 38 61, 02/328 - 38 72, 02/328 - 38 73, 02/328 - 38 17
Фах: 02/3283-880
lepeza.skopje@morm.gov.mk

**ЦЕНТАР ЗА ТРАНЗИЦИЈА КИЧЕВО**
Адреса: Касарна „Чеде Филиповски„
Телефони: 045/21 66 89, 045/21 66 90
Факс: 045/21 66 92
lepeza.kicevo@morm.gov.mk

**ЦЕНТАР ЗА ТРАНЗИЦИЈА ШТИП**Адреса: Касарна „Јане Сандански„
Телефон: 032/20 70 02
Факс: 32/20 46 43
lepeza.stip@morm.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКАЗА ВРАЌАЊЕ ВО ЦИВИЛЕН ЖИВОТ
“ЛЕПЕЗА“

# ВРАБОТЕТЕ ГИ НАЈДОБРИТЕ!



## ГИ БАРАТЕ НАЈДОБРИТЕ?

Воената служба е традиционално една од најчесните и најценетите професии во секое општество, а воените лица се негова најлојална структура. Припадниците на Армијата на Република Македонија со сите свои квалитети и способности, чесно и одговорно се во служба на државата, подготвени за професионално извршување на задачите.

***Вие, работодавачите, ги барате најдобрите работници***





## ПРЕПОЗНАЈТЕ ГИ КВАЛИТЕТИТЕ НА НАШИТЕ ЛУЃЕ!

Воената обука и стекнатото искуство во долгогодишната работа во Армијата, подразбира развивање на исклучителни лични квалитети и способности применливи и корисни во цивилните институции.

Високите **лидерски и организаторски способности** се општа карактеристика на секое воено лице.

Заради специфичноста на системот на работа во Армијата, воените лица ги карактеризираат **високи работни и морални квалитети, како и специфични знаења, вештини и способности**.

## ЗНАЕЊАТА СЕ УНИВЕРЗАЛНИ!

Воениот персонал во АРМ поминува низ долготрајни и исклучително квалитетни програми за обука. Со самото пријавување започнуваат проверките и усовршувањето, а заради високите критериуми се селектираат само најдобрите.

Ретко која работна организација има можност да ги обучи луѓето толку **темелно**. Секоја должност во рамките на Армијата индивидуално овозможува стекнување на одредени знаења и вештини, како и можност за работа на технолошки најсовремена опрема.

Воениот персонал, покрај претходно завршеното цивилно образование, во текот на воената служба има можност да стекне и други знаења корисни за цивилните структури, особено да биде подготвен **да дејствува во различни услови.**



**Стручното оспособување на цивилни професии,** како дел од програмата „ЛЕПЕЗА”, овозможува стекнување на специфични цивилни знаења и вештини неопходни за работа во одредени цивилни институции.

Ваквите обуки, организирани во реномирани државни и приватни институции на поранешни воени лица им обезбедуваат знаења од областите како што се: менаџмент, претприемништво, информатичка и јазична обука, возачи и инструктори за возење, специјалисти за одржување на воздухоплови, специјалисти за обезбедување, електричари, монтери, како и други специјалности во согласност со личните определби на секое лице.

## КАКВИ КВАЛИТЕТИ ИМААТ ВОЕНИТЕ ЛИЦА

- **Одговорен, дисциплиниран и мотивиран**
- **Исполнителен и точен**
- **Широк дијапазон на обученост**
- **Способен за тимска работа**
- **Делегира задачи и контролира**
- **Одлучен**
- **Сигурен и приспособлив**
- **Доверлив и истраен**
- **Посветен на работата и насочен кон целта**
- **Коректен во односувањето**




- **Бројни други квалитети**
  - Поседува возачка дозвола Б и Ц категорија
  - Искуство во задачи поврзани со обезбедување на објекти и лица (ракување со оружје)
  - Добра здравствена состојба и физичка подготвеност.


